Во 2022 г., 4% од приходите на граѓанските организации биле од државата, односно од централниот буџет. Новина во 2022 г. се средствата кои ги додели Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (14.528.000 денари), износ кој е помал од првично планираниот (20.000.000 денари). Министерството за правда, за прв пат додели средства по пат на јавен оглас.




## Приходи на граѓанските организации од државата за 2022 година

Во 2022 г. приходот на граѓанските организации од централниот буџет изнесувал 307.999.072 денари. Од овие средства 213.882.847 денари се доделени со јавен оглас додека 94.116.225 не се огласени. Имајќи ги предвид вкупните приходи на граѓанските организации, државното финансирање, односно парите од централниот буџет, изнесуваат 4%. Споредбено со претходната година, уделот на централното државно

финансирање останува ист и изнесува околу 5 милиони евра. Гледано по буџетски корисници, особен пад има кај средствата доделени за Агенцијата за млади и спорт. Во 2021 г. биле доделени околу 88 милиони денари додека во 2022 г. 5,3 милиони денари. Новина во 2022 г. се средствата кои ги додели Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (14.528.000 денари), износ кој е помал од првично планираниот (20.000.000 денари) во донесениот буџет за таа година. За забележување е и тоа што Министерството за правда за прв пат додели средства за седум граѓански организации по пат на јавен оглас. Износот е 1.050.000 денари или по 150.000 денари по организација.

За жал после повеќе од 10 години Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во 2022 г. не додели средства на јавен повик иако програмата за поддршка на граѓанските организации беше претходно донесена преку партиципативен процес. Минатата година од Генералниот секретаријат на Владата беа доделени вкупно 17.840.000 денари без јавен оглас и тоа 15 милиони за Црвениот крст на РСМ и 2,8 милиони денари на шест граѓански организации.

Во услови на стагнација на процесот на реформа на државното финансирање за граѓанските организации и продолжениот бојкот на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество не се создаваат услови за исполнување на обврската на Владата за постепено растење на средствата за организациите. Согласно Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за соработка и развој на граѓанскиот сектор 2022-2024, Владата се обврза учеството на државното финансирање во приходите на граѓанските организации да биде 20% во 2022г., 25% во 2023г. и 30% во 2024г.

## Највисок и најнизок доделен грант од државно финансирање на централно ниво за 2022 година

Во 2022 г. најнискиот доделен грант за граѓанска организација од централниот буџет е **13.760 денари** и го доделило Министерството за култура. Највисокиот доделен грант изнесува **12.180.000 денари** и го доделило Министерството за труд и социјална политика. Истите износи, од истите министерства, за истите организации биле доделени и во 2021 година. Во 2022 г. од ставката 463 – трансфери до невладини организации доделен е грант за Црвениот крст на РСМ во износ од 15 милиони денари.

## НАЈВИСОК И НАЈНИЗОК ДОДЕЛЕН ГРАНТ НА ЦЕНТРАЛНО НИВО ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО 2022 ГОДИНА[1]

| ИНСТИТУЦИЈА (ДОНАТОР) | ЗДРУЖЕНИЈА/ФОНДАЦИИ | ИЗНОС | ЗДРУЖЕНИЈА/ФОНДАЦИИ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДА | ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 15.000.000 | БИАТЛОН ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 30.000 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА СЛЕПИ НА МАКЕДОНИЈА | 12.180.000 | ЗДРУЖЕНИЕ ЗА СЕМЕЈНА ПСИХОТЕРАПИЈА И СИСТЕМСКА ПРАКСА НА МАКЕДОНИЈА | 802.992 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | ХЕРА- АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА И ИСТРАЖУВАЊЕ | 4.644.990 | ЗАЕДНО ПОСИЛНИ | 511.000 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | ОРГАНИЗАЦИЈА НА РЕЗЕРВНИ ОФИЦЕРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 2.000.000 | ОРГАНИЗАЦИЈА НА РЕЗЕРВНИ ОФИЦЕРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 150.000 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА | СОЈУЗ НА КОМПОЗИТОРИ НА МАКЕДОНИЈА | 3.034.000 | КОМИТЕТ ЗА ВИЗАНТОЛОГИЈА И МЕДИЕВИСТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 13.760 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО | НАЦИОНАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА | 1.200.000 | ЗДРУЖЕНИЕ СПОРТСКО РИБОЛОВЕН ЕКОЛОШКИ КЛУБ КРАП, ВИНИЦА | 36.000 |
| ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ | ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ЗА УСПЕХ ВО ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ЏУНИОР АЧИВМЕНТ | 3.661.967 | ЗДРУЖЕНИЕ ЛИДЕРИ ЗА ЕДУКАЦИЈА, АКТИВИЗАМ И РАЗВОЈ | 1.889.286 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | ЗДРУЖЕНИЕ ВЕЛОСИПЕДСКИ КЛУБ ЕКСТРИМ БАЈК ТИМ, БИТОЛА | 6.500.000 | ЗДРУЖЕНИЕ БЛАГОСЛОВ, С. РОСТУШЕ | 1.793.712 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА | ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА | 850.000 | 5 ЗДРУЖЕНИЈА/ФОНДАЦИИ | 230.000 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ | 25 ЗДРУЖЕНИЈА/ФОНДАЦИИ | 300.000 | ДЕТСКИ ЛИКОВЕН ЦЕНТАР- ГРАДСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛИКОВНИТЕ ПЕДАГОЗИ | 50.000 |
| АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ | КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ СЕГА | 300.000 | 20 ЗДРУЖЕНИЈА/ФОНДАЦИИ | 280.000 |
| АГЕНЦИЈАТА ЗА ОСТАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ | 5 ЗДРУЖЕНИЈА/ФОНДАЦИИ | 200.000 | 2 ЗДРУЖЕНИЈА/ФОНДАЦИИ | 150.000 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ И ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ | 32 ЗДРУЖЕНИЈА/ФОНДАЦИИ | 454.000 | | |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | 7 ЗДРУЖЕНИЈА/ФОНДАЦИИ | 150.000 | | |

Највисок доделен грант
Најнизок доделен грант

Содржината на овој инфографик е одговорност на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Швајцарската амбасада во Северна Македонија или Цивика мобилитас.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

1 Доставени податоци од барањата за пристап до информации од јавен карактер поднесени од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Дирекцијата за спасување и заштита одговори дека во 2022 г. не доделила средства на граѓански организации.

## Планирани средства за граѓанските организации за 2023 година

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 г. од ставката 463 – трансфери до невладини организации планирани се 886.250.000 денари. Во овие средства не се земени предвид средствата кои се доделуваат од Министерството за правда бидејќи најчесто средствата од ставката 463 се доделуваат на политички партии и на Министерството за култура бидејќи нема планирано средства во оваа ставка. Останува да се види дали овие средства ќе претрпат промени со ребалансите на буџетот кои следуваат во есенскиот период и висината на реализација на овие средства согласно планираното. Охрабрува фактот што во 2023 г. се планираат значително повеќе средства за разлика од претходните години, но немање на политичка волја да се донесе систем на државно финансирање по терк на земјите од Европската Унија го прави процесот непредвидлив и подлежен на ад-хок промени во текот на годината.




**Застапуваме за реформа во државното финансирање на граѓанските организации!**